Република Македонија
**Агенција за промоција и поддршка на туризмот во РМ**

Агенција за промоција и подршка
на туризмот на Република Македонија
Бр. 08-594/1
22.08 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕБРЦА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 03-1762/1
22.08 2018 год.
БЕЛЧИШТА

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

ПОМЕЃУ

АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
И
ОПШТИНА ДЕБРЦА

Потпишан на ден 22.08.2018 година, во Општина Дебрца, помеѓу:

**Страни на Меморандумот**

1. Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција за туризам), со седиште на ул. Дебарца бр.2, 1000 Скопје, претставувана и застапувана од Љупчо Јаневски, директор и

2. Општина Дебрца, со седиште во с.Белчишта, Дебрца, 6344 Република Македонија, претставувана и застапувана од Зоран Ногачески, градоначалник.

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради активно унапредување и промоција на туризмот, преку формирање на заедничка туристичка понуда и збогатување на туристичките содржини, со цел заедничко претставување на туристичките потенцијали на Р. Македонија на потенцијални странски туристички пазари,

страните потписнички на Меморандумот за соработка, се согласија за следното:

Член 1

Страните потписнички на Меморандумот за соработка, взаемно ќе соработуваат во исполнувањето на обврските, наведени во овој Меморандум, кои имаат за цел формирање и збогатување на туристичките содржини и промовирање на вкупните туристички потенцијали и туристичка понуда на регионот кој го опфаќа Општина Дебрца.

Член 2

За целите на овој Меморандум, страните потписнички на Меморандумот за соработка, билатерално ги утврдија и договорија следните прашања за соработка, произлезени од законските надлежности на двете институции, и ги вршат следните активности:

- Создавање на туристички производи, базирани на културата, традицијата, историјата и природни богатства;
- Взаемна размена на промотивни материјали за потребите на двете институции;
- Заедничка промоција на веќе постоечките туристички производи, со цел промоција на истите на потенцијални странски туристички пазари;
- Соработка во делот на размена на информации, искуства и добри пракси во делот на туризмот;
- Соработка и поддршка на проектите во зачувување на животната средина и одржливиот развој;
- Активно унапредување и промоција на туризмот и подобрување на туристичката понуда со цел зголемување на конкуретноста на македонскиот туристички пазар и зголемување на вработувањата во туризмот на Р.Македонија;
- Соработка за привлекување на инвестиции во Република Македонија;
- Соработка за идентификување на области за подобрување на политиките и развој на приватниот сектор во туризмот.

Член 4

Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) на Република Македонија и Општина Дебрца го договорија следниот начин на дејствување:

- Заради реализација на надлежностите на двете институции, наведени во вториот дел на овој Меморандум, Општина Дебрца да определи лице за контакт, за остварување на директна комуникација со Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) на Република Македонија;
- Планирање и реализација на проекти кои ќе ја надополнат туристичката понуда на Општина Дебрца;
- Меѓусебно информирање и поддршка од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) за одржување на манифестации и слични настани во Општина Дебрца;
- Размена на информативно-промотивни материјали (брошури, водичи, флаери, ЦД, банери и сл.);
- активно учество во работни групи за унапредување на туристички локации во Дебрца;
- размена на годишни акциски планови за туризам и соработка при планирање на истите.

Член 5

Овој Меморандум се склучува на период од две години и може да се изменува и дополнува со писмена согласност на страните потписнички на Меморандумот.

Меморандумот продолжува да важи за период од уште две години ако ниту една од страните не побара негово раскинување пред истекот на периодот на кој е склучен.

Член 6

Овој Меморандум влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Агенција за промоција и
поддршка на туризмот

Директор,
Љупчо Јаневски

Општина Дебрца

Градоначалник,
Зоран Ногачески